Архивски знак: 0201
Shenja arkivore:
Рок на чување: 1
Afati i ruajtjes:
01.04.2025 година
Потпис
Nënshkrimi

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК
EGZEMPLAR ARKIVOR

Врз основа на член 36 став (1) точка 11 од Законот за културата (Службен весник на РМ бр. 31/1998, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 15/2008, 116/2010, 47/2011, 51/2011, 136/2012, 23/2013, 187/2013, 44/2014, 61/2015, 39/2016 и 11/2018) и член 21 став (1) точка 11 од Статутот на Националната установа „Оркестар за џез музика“ - Скопје на 14 седница од 01.04.2025 година го донесе следниот:

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА / REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
ОРКЕСТАР ЗА ЏЕЗ МУЗИКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
INSTITUTI NACIONAL
ORKESTRA E XHAZ MUZIKËS E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 02-227/10
01.04. 2025 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

## ПРАВИЛНИК ЗА ПОЛАГАЊЕ НА РЕАУДИЦИЈА ВО Н.У.ОРКЕСТАР ЗА ЏЕЗ МУЗИКА НА РСМ

**Општи одредби**

**Член 1**

Со овој Правилник се утврдуваат условите, начинот, и постапката за спроведување на реаудиција (оценување на ефектот на секои 3 години) на уметниците од А категорија во Оркестарот за џез музика.

Уметниците од категоријата А кои имаат 10 (десет) години до остварување на правото на пензија се исклучок од став 1 на овој член, односно ефектот не им се оценува со спроведување на посстапка за реаудиција.

**Член 2**

Постапката за реализација на реаудиција ја спроведува комисија формирана од директорот.

Комисијата е составена од 3 (три) члена истаканати уметници од повисоко ниво од нивото на кандидатот за кој се води постапка за реаудиција.

Директорот во рок од 5 (пет) дена донесува решение на предлог на комисијата со кое се утврдува дали уметникот ја положил односно не ја положил реаудицијата.

**Оценување на ефектот (реаудиција)**

**Член 3**

Комисиите вршат реаудиција за оценка на ефектот на уметниците од категорија А, според повеќе критериуми утврдени од страна на директорот.

Комисиите можат да утврдат и дополнителни помошни критериуми .

**Член 4**

Пред почетокот на реаудицијата на комисијата и се предаваат претходно изготевните формулари во кои се внесени личните податоци на оценуваното лице заедно со задолжителните критериуми за проверка.

Секој член на комисијата, резултатите од проверката на секој критериум секој член ги изразува во оценка од 1 (еден) до 5 (пет) за секој уметник посебно.

Секој уметник (давател на услуга) ја положува реаудицијата доколку има средна оценка или повисока од 3 (тројка).

Комисијата со посебен записник ги сумира резултатите.

Записникот со оценките од реаудицијата, комисијата го доставува до директорот за секој давател на услуга поединечно, во рок од 1 (еден) ден, т.е наредниот работен ден.

**Член 6**

Уметникот кој ја положил реаудицијата во рок од 30 (теиесет) дена од завршувањето на реаудицијата со решение се распоредува на истото работно место или може да се распореди и на повисоко работно место согласно Актот за систематизација на работните места на НУ Оркестарот за џез музика на РСМ.

Уметникот кој не ја положил реаудицијата со решение се распоредува на истото работно место и е должен во рок од 6 (шест) месеци да полага нова реаудиција.

Доколку и по втор пат не ја положи реаудицијата во рок 30 (триесет) дена уметникот со решение ќе биде распореден на пониско работно место во установата. Во случајот од став 2 на овој правилник за уметникот кој е распореден на пониско работно место во рок од 6 (шест) месеци ќе се организира повторна реаудиција.

Доколку и по (3) трет пат не ја положи реаудицијата, директорот ќе донесе решение за престанок на работниот однос на уметникот. Но, доколку ја положи споменатата реаудиција директорот со решение го распоредува на работното место на кое бил пред полагањето на првата реаудиција.

**Член 7**

По примот на решението за распоредување од ставот 1, 2, 3 и 4 на овој член има право на приговор до Управниот Одбор.

Управниот Одбор во рок од 8 (осум) дена одлучува по доставениот приговор.

Незадоволниот уметник од одлуката на Управниот Одбор може да изјави тужба до надлежниот суд.

Тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Член 8

Овој Правилник влегува во сила со денот на неговото донесување и објавување на web страницата на Оркестарот за џез музика на РСМ.

Претседател на Управен Одбор,

Сашко Николовски